CIVICA MOBILITAS

# ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

## МАЛИ ГРАНТОВИ III ДЕЛ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС: МАЛИ ГРАНТОВИ III

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот**
Александар Кржаловски, в.д. директор

**Одговорни за малите грантови во Цивика мобилитас**
Сара Мустафа и Блинера Реџепи

**Автори**
Гонце Јаковлеска и Кристина Весиќ

**Подготовка и дизајн**
Борис Ристовски

https://civicamobilitas.mk
https://facebook.com/civicamobilitas

**Благодарност**

Им благодариме на одговорните и тимовите во организациите кои ги спроведоа овие мали акциски грантови и ги подготвија извештаите кои беа основа за создавање на секоја од приказните: Центар за стратегиски истражувања и анализи – ЦСИА; Здружение за развој МЛАДИ ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС Дебар; Организација на жени Лозово; Здружение на граѓани за култура и уметност АН –БЛОК Скопје; Центар за култура, комуникација и едукација на ромите СВЕТЛА ИДНИНА Кочани; Здружение на граѓани Центар за животна средина и одржлив развој Богданци; Здружение за култура и уметност АРТ-МАНИЈА, Куманово; Здружение Центар за иновации и развој Инос Прилеп; Фондација за развој на мали и средни претпријатија Куманово; Здружение за унапредување на домувањето, животните услови и правата на станари - Организација за домување и станари - ОДС Скопје; Планинарски спортски клуб КАБ СТРУГА 2017; Здружение на граѓани РУБИКОН Скопје; Здружение за поддршка интеграција и ресоцијализација на лица во социјален ризик – ЦСИ ЛИНК - Скопје; ЕЈНЏЕЛКАТС САНКТУАРИ; Сојуз- Национален совет за родова рамноправност; Меѓу-општинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка – МОБИЛНОСТ Велес; Здружение на граѓани Чејнџмејкерс – Гевгелија; Здружение за туризам и угостителство – Крушево; Здружение Центар за применети знаења и креативен развој ПРИМА ЦЕНТАР Скопје.

**Македонски центар за меѓународна соработка**

*Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение*

*Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.*

*Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.*

*Текстовите објавени во оваа публикација ги изразуваат погледите на авторките и/или организациите кои придонесоа кон нив, но не оние на Амбасадата на Швајцарија/Швајцарската агенција за развој и соработка или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.*

# МАЛИ ГРАНТОВИ ЗА ГОЛЕМИ ПРЕДИЗВИЦИ

Со оваа публикација ги раскажуваме приказните на 19 граѓански организации кои побарале и добиле грант од Цивика мобилитас за да им излезат во пресрет на потребите на нивните конституенти. Оваа група на грантисти спроведе низа активности, како: советување и упатување на лица под социјален ризик, поддршка на деца во конфликт со законот, поттикнување општествена одговорност кај младите преку волонтерски активности, јакнење на јавната свест за важноста на улогата на женските права во општеството, едукација на жени за работничките права во текстилната индустрија, Креирање на услови за пристап на лицата со телесна попреченост до неопходните државни институции и други неопходни објекти, поттикнување на визуелната и аудитивната перцепција кај децата со попреченост, воспоставување механизам за подобрена соработка помеѓу локалните самоуправи и граѓаните, јакнење на соработката меѓу туристичкиот сектор и локалните јавни претпријатија, промовирање на научно-истражувачка работа и дигитализацијата, граѓански активизам системско решавање на проблемот со бездомните животни, организирање еколошки акции и акции за јакнење свест за потребата од чиста животна средина, промовирање на противпожарно заштитена згради, мониторинг на безбедносните институции преку промовирање на модерниот безбедносен екосистем, и др.

Иако чекорите кои ги направија овие граѓански организации се сериозни, свесни сме дека не е готово. Сепак, веруваме дека досега направеното ќе биде инспирација за сите нас, да продолжиме заедно да ги правиме општествените промени.

| | | |
|---|---|---|
| АН–БЛОК | ЕЈНЏЕЛКЕТС | АРТ-МАНИЈА |
| ЧЕИЈНЏМЕЈКЕРС | ЦСИ ЛИНК | ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ СКОПЈЕ |
| ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ БОГДАНЦИ | ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КУМАНОВО | ИНОС ПРИЛЕП |
| КАБ СТРУГА 2017 | ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ МЛАДИ ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ДЕБАР | МОБИЛНОСТ, ВЕЛЕС |
| СОЈУЗ-НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ | ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ ОДС | ПРИМА ЦЕНТАР |
| РУБИКОН | СВЕТЛА ИДНИНА | ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ЛОЗОВО |
| | ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО | |

*„Цивика мобилитас е програма на Швајцарската амбасада за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.*

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ АН–БЛОК СКОПЈЕ**

10 мај – 10 септември 2021 г.

**320.376 МКД**

100 ученици едуцирани за реализација на волонтерски активности

Одржани 3 теоретски семинари, 1 работилница, 1 подготовка на волонтерска активност

Реализација на 8 работилници, ПП презентации, 13 едукативни видео записи

Остварена соработка со ЈУ Детски дом „11 Октомври“ – Скопје

# ПОТТИКНУВАЊЕ ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ ПРЕКУ ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ




Промените во социо-економските и политичките прилики како резултат на транзицискиот период низ кој поминува земјата во изминативе три децении негативно влијаат на поведението на младите, на нивниот вредносен систем, а забележан е и пораст на насилството за време на Ковид-19 пандемијата. За ублажување на негативните последици од горенаведените состојби, АН–БЛОК Скопје го реализираа проектот „Поттикнување општествена одговорност кај младите преку волонтерски активности“.

Вкупно 100 ученици од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ на возраст од 16 до 19 години во период од четири месеци учествуваа на едукативни семинари, работилници и реализираа волонтерски активности наменети за корисниците на услуги во ЈУ Детски дом „11 Октомври“ – Скопје. Младите лица поделени во 4 групи по 25 учесници присуствуваа на 3 теоретски семинари, 1 работилница, 1 подготовка на волонтерска активност и 1 реализација на волонтерска активност или вкупно 24 директни активности со директната целна група. Релизацијата на волонтерски активности опфати презентации, видео записи, како и соодветни на нив работилници од областа на: исхрана и диететика, лична и колективна хигиена, сексуално преносливи болести и контрацепција, зависност и болести на зависност, спорт, физичка активност и гимнастика, прва помош и култура и уметност со што се придонесе кон подобрување на квалитетот на животот на децата корисници на услугите во ЈУ Детски дом „11 Октомври“ – Скопје.

„Преку реализираните активности се подигна и поттикна свеста и совесноста за улогата и општествена одговорност кај младите, се насочија кон рационално користење на слободното време и беа мотивирани за промовирање волонтеризам и практикување на истиот, а со самото реализирање на волонтерските активности од областа на културата, уметноста и здрави животни навики во целост се придонесе за постигнување на целта на проектот“, велат од Ан-Блок. Зголемената самодоверба и подобрување на комуникациските вештини се уште еден чекор кон правилен раст и развој на младите.

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ЕЈНЏЕЛКЕТС СКОПЈЕ**

**1 декември 2021г. – 30 септември 2022г.**

**270.000 МКД**

Покрената иницијатива за вметнување на мачките во системот на заштита на бездомни животни

4 изработени креативни документарни филмови и промотивни постери

Спроведување акција за вдомување на бездомни мачки

Организирање на Социјален експеримент за развој на емпатија на луѓето за улични мачки – „кити терапија“.

# ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ ДО СИСТЕМСКО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО БЕЗДОМНИТЕ МАЧКИ




Замислете кафуле во кое можете да уживате во друштвото на неколку мачиња и со тоа да бидете дел од т.н. „кити терапија“. Оваа можност ја тестираше здружението „Ејнџелкетс“ преку социјален експеримент за развој на емпатија кај луѓето кон бездомните мачки. Учесниците во експериментот носеа слушалки за намалување на бучавата и во одреден временски период имаа можност да се дружат со мачињата Енди и Бела. По ова искуство, учесниците ги изразија позитивните ефекти од „терапијата“. Според нив, мачињата им пренеле позитивна енергија и се чувствувале многу посреќно отколку кога пристигнале. Социјалниот експеримент кој е дел од проектот „Преку граѓански активизам до системски решенија за бездомните мачки“ ја постигна својата цел.

Во рамки на проектот беа обезбедени и 80 куќарки, изработени од 28 активисти и граѓани кои беа дел од работилницата за обезбедување засолништа за мачките во заедницата. Спроведена беше и онлајн кампања за стерилизација на домашни и бездомни мачки, одржани акции за вдомување на бездомни мачки, гостување во радио и ТВ емисии, активности со кои се јакнеше свеста на граѓаните.

„Со спроведените активности подигната е свеста на граѓаните и на активистите за состојбата со бездомните мачки што е основа за поинтензивно лобирање на локалните и националните власти да преземат посистематски мерки за спречување на овој проблем“, велат од Ејнџелкетс. Со проектот системски е започнат процесот на нивно интегрирање во законот за благосостојба на животните, како и програма која би обезбедила систематска заштита на мачките. Изготвено и поднесено е барање до Собрание на Република Северна Македонија, Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за храна и ветеринарство и Влада на Република Северна Македонија и надлежните институции за вметнување на мачките во системот на заштита на бездомни животни.

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ АРТ-МАНИЈА, КУМАНОВО**

**01 септември – 31 декември 2021г.**

**328.000 МКД**

Реализација на краткиот филм „Доба на неразум“, сатиричен приказ на секојдневните случувања

Одржани две проекции на филмот, посетени од повеќе од 70 граѓани

Интервјуирани 40 граѓани од различни возрасти кои со своето видување на реалноста помогнаа во развојот на сценариото за филмот

Организирана отворена јавна дискусија во која учествуваа +70 граѓани, експерти и претставници на институции

# ДОБА НА НЕРАЗУМ




Сатиричен приказ на секојдневните случувања во нашето општество, пред сè во Струга, но состојби кои може да се аплицираат во било која македонска ситуација или општина. Вака накратко може да се опише краткиот филм „Доба на неразум“ на Здружението за култура и уметност Арт Манија Куманово, под покровителство на Цивика мобилитас. Сценариото беше изработено како збир од неформални разговори со 40 стружани, а потоа преточено во приказна која е разбирлива за сите кои го живеат апсурдот кој се пласира како превез врз реалните проблеми. „Фокусот на нивните одговори и на филмот се насочи најмногу кон животната средина која граѓаните ја истакнаа како најгорлива и најсензитивна тема, конкретно негрижата во управувањето, узурпирањето и уништувањето на струшкото крајбрежје од Охридското Езеро“, велат од Арт Манија. Продукцијата на филмот ја изработија 5 млади од Струга кои учествуваа во сите фази на создавањето.

„Доба на неразум“ е импровизиран стенд-ап на кловн, кој со силно изразена иронија низ метафора, е симбол за важни политички чинители на локално ниво. „За публиката беше особено забавно да ја гледа оваа претстава, да се насмее, но истовремено да се загрижи и освести за алармантната состојба во нашата средина, за начинот на владеење кој се практикува, но за жал да ја види и сопствената незаинтересираност за позитивни промени“, посочуваат од Арт Манија. Филмот беше прикажан два пати, а проекциите беа посетени од околу 70 граѓани кои по завршувањето учествуваа во јавна дискусија во која ги изразија своите ставови кон обработената тема. Од здружението сметаат дека на овој начин успеаа граѓаните да ги поттикнат во иднина да земат активно учество во донесување одлуки кои ги засегаат директно нив. „Следно планираме филмот да го испраќаме до ресорните министерства кои затајуваат со својата надлежност, да бидат чувар на еден од најважните природни локалитети во светот“, заклучуваат од здружението.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС" ГЕВГЕЛИЈА**

# ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВО ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

01 март – 30 септември 2022г.

**293.467 МКД**

Создадена свест кај граѓаните за правилно и одржливо постапување кон животната средина и промена на нивното однесување

Организиран синџир на селектирање и рециклирање на отпад

Промена на практиките на постапување со отпад од страна на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија кое е надлежно за управување со отпад

Елиминирање на некои од дивите депонии




Благодарение на здружението „Чејнџмејкерс", општина Гевгелија започна со селектирање на биоразградлив отпад во домаќинствата кој се преработува во висококвалитетно ѓубриво.

„Со намалување на волуменот на отпад кој што неселектиран се носи на депонија, се доаѓа до одржливост во работењето и намалување на трошоците на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, а во исто време се постигнува бенефит со намалено загадување на животната средина", велат од здружението.

Првата активност опфати поставување означен контејнер за собирање на биоразградлив отпад во градскиот пазар, како и дистрибуција на бесплатни кофи за селекција на органскиот отпад. На овој начин се преминува кон одржливо постапување со отпадот, намалување на количината отпад која секојдневно се создава, како и создавање хумус преку процесот на компостирање. Земјоделците кои своите производи ги продаваат на градскиот пазар беа првите кои беа известени и вклучени во проектот. „Горди сме на нашите сограѓани", велат од здружението и додаваат дека очекувале дека ќе биде тешко да се оствари соработка со жителите и со продавачите на пазарот но, биле изненадени од интересот на луѓето. „Поединечно ги известивме продавачите на градскиот пазар, како и жителите затекнати на пазарот за новиот начин на постапување со отпадот. Нашите насоки и укажувања беа прифатени, со мали исклучоци. Ваквиот резултат ни дава уште посилна волја и верба за спроведување промени во нашата општина", вели Костадин Карев од „Ченџмејкерс".

По спроведување на активностите граѓаните на Гевгелија, но и дел од локалните фирми самоиницијативно се приклучуваат на оваа идеја и создавање на органски отпад. Со прикажување на актуелната состојба со отпад во населбите се постигнаа промени со тоа што жителите повеќе не се осмелуваат на одредени делови од градот да фрлаат отпад. На овој начин се елиминираа дел од дивите депонии.

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА, ИНТЕГРАЦИЈА И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦА ПОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК – ЦСИ ЛИНК**

01 декември 2021г.– 30 април 2022г.

**277.200 МКД**

Со детектирање, советување и упатување на лицата под социјален ризик на територијата на Општина Бутел и Чучер Сандево беше подобрена нивната психо-физичка состојба

Одржана работилница со 20 ученици на тема: „Ненасилна комуникација“ со фокус на сајбер насилство

Седум лица под социјален ризик се едуцираа на тема „Економско зајакнување и вклучување на пазарот на трудот“

Одржана групна работилница за помош и поддршка на самохрани родители

# ДЕТЕКТИРАЊЕ, СОВЕТУВАЊЕ И УПАТУВАЊЕ НА ЛИЦА ПОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК



„Социјалните ризици имаат тенденција да го отежнат или оневозможат секојдневното функционирање на еден поединец или семејство. Но, со емпатија, посветеност и ентузијазам работите веќе се подобри за лицата под социјален ризик во општините Бутел и Чучер Сандево“, велат од ЦСИ ЛИНК.

Преку проектот „Детектирање, советување и упатување на лица под социјален ризик“ беа одржани три работилници за млади лица и лица во социјален ризик. Работилницата за млади беше на тема „Ненасилна комуникација“ со фокус на сајбер насилството како најзастапено кај оваа група. Согласно барањата и потребите на учениците и стручниот кадар од ООУ „Толи Зордумис“ 20 ученици преку интерактивни вежби се запознаа со поимите за насилство, како и начините за соочување и надминување на истото. Втората работилница им излегува во пресрет на потребите на долгорочно невработените лица со низок економски капацитет. Седум лица под социјален ризик се едуцираа на тема „Економско зајакнување и вклучување на пазарот на трудот“. Поради зголемената потреба за психосоцијални услуги на самохрани родители, организирана беше и Групна работилница за помош и поддршка на самохрани родители.

Статистиката само ја потврдува одличната работа која произлезе од работилниците. Три лица под социјален ризик се здобија со сертификат за работа со стари лица и лица со Алцхајмер преку здружението ХУМАНОСТ, едно лице е вработено како негувател во старечки дом, а едно лице е вработено во Мал групен дом и Специјален завод – Демир Капија во соработка со Центарот за младински активизам КРИК. Состојбата е подобрена и за самохраните родители од општината. Обезбедени се две посредувања за вработување, три остварувања на права од доменот на социјалната заштита, три придружувања до надлежна институција за пријавување на семејно и родово базирано насилство и едно лице придружувано до ФЗО.

**ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ СКОПЈЕ**

# КОВИД-19 И ОПШТИНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

**01 септември – 28 февруари 2021 г.**



**315.000 МКД**



Истражување/прашалник за ефектите и преземени чекори/планови на ЕЛС, одговорен од 35 општини



Подготвен бриф за политики: „Јавните финансии на општините и Ковид-19 во Северна Македонија“



Подготвена анализа: „Општините и Ковид-19 во Северна Македонија: Импликациите врз јавните финансии кај општините“;



Реализирана онлајн дебата со 14 ЕЛС за справување со КОВИД-19 кризата




Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) се првите директно поврзани институции кои ги почувствуваа ефектите од КОВИД-19 кризата. Тие се институциите кои требаше да одговорат на зголемените потреби на граѓаните за дополнителни квалитетни услуги како хигиена, дезинфекција, основно и претшколско образование итн. Оваа ситуација наметна две прашања: Дали ќе бидат потребни нови средства за општините? и Кои треба да бидат изворите на новите средства за општините, преку ново задолжување или преку зголемување на даноците? Одговорите ги обезбедија од Центарот за економски анализи (ЦЕА) преку проектот „КОВИД-19 и општините во Македонија“ поддржан од Цивика мобилитас.

„Спроведените активности потврдуваат дека нема да има потреба од нови средства за општините затоа што има вкупно повисоки приходи, а пониски расходи, иако ова не значи и не може да биде апликативно за секоја општина“, велат од ЦЕА. Од здружението додаваат дека одговорот на второто прашање е дека нема да биде потребно ново задолжување преку зголемување на јавниот долг. Овие сознанија доаѓаат по спроведеното истражување преку прашалник за ефектите и преземените чекори/планови доставен до сите ЕЛС во нашата земја, на кој одговорија 35 општини. Врз основа на прашалникот беше направен и преглед на фискалните импликации на КОВИД врз приходите на ЕЛС со акцент на сопствените приходи. Следуваше и оценка на политиките на ЕЛС во времето на криза, односно наодите од анализата беа преточени во бриф за политики за предизвиците, научените лекции, но и препораки за потребните чекори.

ЦЕА организираа и онлајн дискусија со заинтересираните ЕЛС, вкупно 14, каде беа дискутирани поединечните последици кои поради различни околности се разликуваат меѓу општините, опциите за јавни политики како и видувањата на ЕЛС за ефективноста на направените чекори и потребните следни чекори за тековната криза.

# ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ - БОГДАНЦИ

01 октомври 2021г. – 31 март 2022г.

**216.290 МКД**

Изработката на мобилната апликација „Репортираме“ со цел полесна комуникација на граѓаните со општина Богданци

Подобрена соработка помеѓу граѓаните и општина Богданци

Заедничка акција на општината, ЈКП Комунална чистота и граѓаните за пошумување јавор и јасен

Тековно известување на жителите за активностите во општината преку „Репортираме“

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДОБРЕНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА БОГДАНЦИ И ГРАЃАНИТЕ




Во време на дигитализација, модерните алатки имаат за цел да ни го олеснат животот од секој аспект. Тие се почесто се користат за воспоставување полесна и побрза комуникација на граѓаните со локалните власти. Ова е и главната идеја на проектот „Воспоставување механизам за подобрена соработка меѓу Општина Богданци и граѓаните“ кој го спроведува Центарот за животна средина и одржлив развој од Богданци, поддржан од Цивика мобилитас. Тие ја создадоа апликацијата „Репортираме“ за зајакнување на комуникацијата на граѓаните и Општина Богданци. Беше изработено и видео со кое на едноставен начин се презентира функционирањето на апликацијата.

„Целта е постигната. Вклучување на граѓаните во процесот на граѓански иницијативи, креирање и носење одлуки, како и пријавување на проблеми во Општината. Заеднички, сите придонесуваме кон поздрава и почиста животна средина и ќе го унапредиме квалитетот на живот на сите жители во Богданци“, велат од организацијата. Во март 2022 година се одржа заедничка активност на општината, ЈКП Комунална чистота и граѓаните за пошумување јавор и јасен, активност која беше промовирана преку апликацијата во која учествуваа повеќе од 20 лица.

Преку „Репортираме“, општината тековно ги известува жителите за активностите кои се реализираат како одржување седници на Советот на општината, јавни расправи, спроведување на јавни анкети, објавување механизми за жалби и поплаки за проекти кои се реализираат на територија на Богданци и слично. Апликацијата објавена на 4 март 2022 година е достапна преку Google на „Play store“. Вкупно 68 граѓани од Општина Богданци ја симнале апликацијата и активно ја користат.

„Репортираме“ лесно може да ја симнете со скенирање на QR кодот од промотивниот флаер.

# ЕКО ДРОН ПАТРОЛА (ЕКО ПАТРОЛА СО БЕЗПИЛОТНО ВОЗИЛО) – ДИГИТАЛНА + ЗЕЛЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КУМАНОВО**

01 декември 2021г. – 31 мај 2022г.



**277.440 МКД**



16 прелети со дрон за мониторинг на сите депонии со смет во регионот на Куманово



Преку видеа од депониите подигната јавната свест за загадувањето во регионот



Отстранети диви депонии и континуиран надзор за заштита од формирање нови депонии од страна на Инспекторатот на општина Куманово



Преку директни разговори подигната свеста кај земјоделците и бизнис секторот – каменоломите за загадување на животната средина



„Успеавме да делуваме кај надлежните институции, да ја подигнеме свеста кај населението и земјоделците, воедно да делуваме кај бизнис секторот – каменоломите да бидат повеќе активни за намалување на загадувањето на воздухот, водите, почвата и јавните зелени површини.", велат од Фондација за развој на мали и средни претпријатија од Куманово. Ова се постигна во рамки на проектот „Еко дрон патрола" поддржан од Цивика мобилитас.

Со 16 прелети со дрон беа снимени сите депонии со смет во регионот на Куманово, депонии на почви и реки, загадувањето од бизнис секторот, локации кај се палат стрништата. Видеата потоа беа објавени на веб страната и социјалните мрежи на фондацијата, со што апелираа до граѓаните и надлежните институции за делување на критичните точки. На овој начин се подигна свеста кај надлежните институции, поточно кај инспекцијата при општина Куманово и Североисточниот плански регион и беа отстранети дивите депонии со смет. „Инспекторатот при општина Куманово ќе ја засили нивната контрола и мониторинг за намалување на еколошките катастрофи и ќе превзема мерки за континуирана заштита од формирање на нови диви депонии со смет и палење на стрништа", велат од фондацијата. Преку директни разговори се влијаеше на свеста на земјоделците и бизнис секторот. Со земјоделците се разговараше за намалување на палење на стрништата и намалено исфрлање на растителни отпадоци од нивите. Со бизнис секторот – каменоломите се разговараше за намалување на загадувањето на воздухот и апелирање за користење на филтри против загадување со цел намалување на прашината што се формира при обработка на камен.

„На крај сите акции беа насочени кон зајакната соработка", посочуваат од фондацијата и додаваат дека е постигнато вмрежување со неколку граѓански организации за нивна заедничка идна соработка на проекти кои третираат теми од екологијата и заштита на животната средина.

**ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА ИНОВАЦИИ И РАЗВОЈ ИНОС ПРИЛЕП**

**01 септември – 31 декември 2021г.**

# ИСТРАЖУВАЈ НА ТЕМА: КОРОНА ВИРУСОТ – ТЕСТ ЗА ДИГИТАЛНОТО ОПШТЕСТВО



**286.003 МКД**



Вкупно 52 студенти едуцирани и мотивирани за сериозна научно-истражувачка работа



Предавање на тема: Вовед во методологија на истражување за 39 млади луѓе



Отворен повик за истражувачки проекти на тема: „Корона вирус – тест за дигиталното општество“



Објавен Зборник на студентски истражувачки проекти и Зборник на апстракти составени од 12 најдобри истражувачки проекти.




За време на пандемијата со корона вирусот онлајн образованието стана нова практика за студентите. Овој начин на следење на предавања ја намали мотивацијата и комуникацијата кај нив, констатираат од Центар за иновации и развој ИНОС од Прилеп. Но, проектот Истражувај на тема: Корона вирусот – тест за дигиталното општество успеа повторно да ги мотивира студентите за сериозна научно-истражувачка работа. Вкупно 52 студенти од 4 универзитети и 7 факултети во нашата земја изработија истражувачки проекти на тема: „Корона вирус – тест за дигиталното општество“. Студентите истражуваа за влијанието на пандемијата врз процесите на дигитализацијата во неколку области: економија, бизнис, образование, маркетинг, дигитална писменост на Роми, дигитализација на јавна администрација, млади и пандемија. Вкупно 39 заинтересирани млади лица беа дел од онлајн предавањето на тема „Вовед во методологија на истражување“ на кое учесниците се запознаа со основите на методологијата на истражување со цел полесно создавање на истражувачките проекти.

Нивните трудови беа дел од наградниот повик во рамки на проектот. Најдобро оценетите 12 идеи го создадоа Зборникот на студентски истражувачки проекти и Зборник на апстракти. Проектите беа рецензирани од страна на двајца рецензенти – доктори на науки од соодветната област. Победничките истражувачки трудови беа презентирани на онлајн настан на кој учествуваа повеќе од 50 лица. Најдобрите 3 истражувачки проекти со највисоки оценки беа наградени со парични награди од по 10.000 денари.

„Наодите и заклучоците од истражувањата понатаму можат да се користат како основа за дополнителни истражувања и креирање политики врз основа на факти и знаење. Дополнително, трудовите имаа и посебна додадена вредност, бидејќи ги одразуваат гледиштата на младите во нашата земја“, посочуваат од ИНОС.

**ПЛАНИНАРСКИ СПОРТСКИ КЛУБ КАБ СТРУГА 2017**

01 декември 2021г. – 15 април 2022г.

**299.040 МКД**

Истражување за дијагностицирање на состојбите во регионот

Објавување серија информативни материјали за зачувување и управување со Охридското Езеро како светско наследство

Одржани три тркалезни маси и три обуки со повеќе од 58 учесници за клучниот проблем и статусот на Охридското Езеро

Подигнување на свеста за проблемот преку едукација на граѓаните, заедницата и „засегнатите страни“.

# ДА ГО ЗАШТИТИМЕ НАШИОТ БИСЕР, ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО



„Во 2021 година иднината на Охридското Езеро како светско културно и природно наследство заштитено од УНЕСКО се стави под знак прашалник. Алармантната состојба не предизвика да преземеме акција за информирање и едукација на граѓаните, заедницата и „засегнатите страни“ да го зголемат своето учество во процесот на заштита на нашиот бисер“, велат од Планинарскиот спротски клуб – КАБ од Струга. Проектот „Да го заштитиме нашиот бисер, Охридското Езеро поддржан од Цивика мобилитас го промени пристапот кон овој предизвик. На самиот почеток се спроведе истражување за дијагностицирање на состојбите во регионот, како и потенцијалните „актери“ кои треба да бидат партнери и соработници во спроведување на промените. Беа детектирани вкупно 15 државни институции, јавни претпријатија, агенции и здруженија. „За прв пат успеавме на отворен настан да ги седнеме градоначалниците на Охрид, Струга и Дебарца. Јавно пред медиуми, граѓани и активисти се дискутираше за клучниот проблем и справување со истиот“, велат од КАБ.

Беа одржани три тркалезни маси и три обуки за информирање на целните групи за УНЕСКО и неговата улога во регионот. Овие средби на кои учествуваа повеќе од 58 претставници, резултираа со вмрежувањето на граѓанските организации и соработката помеѓу телата одговорни за управување и заштита на регионот. Подигнувањето на јавната свест за овој проблем се одвиваше преку објвување серија информативни материјали за состојбата, статусот на УНЕСКО, заштитата на Охридското Езеро и сите предизвици со кои се соочуваме по ова прашање.

„Преку нашите активности, свеста за проблемот беше подигната. Ова се потврдува преку локалната заедница, граѓанските организации, како и неформалните групи, кои побараа да знаат како можат да бидат дел од одлучувањето за иднината на регионот, и како да се слушне нивниот збор“, дополнуваат од КАБ.

# КРЕИРАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ ДО НЕОПХОДНИТЕ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ДРУГИ НЕОПХОДНИ ОБЈЕКТИ

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ МЛАДИ ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ДЕБАР**

17 мај – 17 септември 2021г.

**186.887 МКД**

Овозможен пристап на лицата со телесна попреченост до неопходните државни институции и други објекти (верски објекти, банки, спортски игралишта и сл.)

Лицата со телесна попреченост самостојно ќе можат да ги извршуваат своите обврски и потреби

Поставени шест рампи за инвалидски колички за олеснето движење на овие лица

Прифаќање на лицата со телесна попреченост во општеството како рамноправни граѓани и искоренети предрасуди и стигма за лицата со телесна попреченост



Овозможување пристап на лицата со телесна попреченост до државни и приватни објекти како училишта, полициска станица, верски објекти, ресторани итн. во општините Дебар и Центар Жупа е клучното постигнување на проектот „ Креирање на услови за пристап на лицата со телесна попреченост до неопходните државни институции и други неопходни објекти“.

„Лицата со телесна попреченост ќе можат самостојно да одат на меѓусебни средби и собири во ресторан, ќе можат да посетуваат стоматолошка ординација, ќе имаат пристап до две училишта и една полициска станица итн., односно ќе се вклучат во општеството и ќе уживаат поголемо чувство на емпатија од страна на другите лица“, велат од Здружението за развој на млади за јавен интерес од Дебар.

Успешната соработка на Здружението со претставници на општините, државните и приватните објекти резултираше со изградени шест рампи за инвалидски колички со што им се овозможи пристап на лицата со телесна попреченост до некои неопходни државни и приватни институции или објекти. Договор за соработка беше остварен со ОУ „Ристе Ристески“ во село Долно Косоврасти, ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ во Центар Жупа, Стоматолошка ординација, Ресторан, Кафе бар и сметководство, Полициска станица во Центар Жупа и верски објект во Долно Косоврасти, Дебар.

Преку акцијата поддржана од Цивика мобилитас се влијаеше и врз останатите лица на тој начин што придонесува кон искоренување на предрасудите и стигмата за лицата со телесна попреченост.

Постигнувањата од проектот беа презентирани на промотивен завршен настан во с.Јанче каде покрај за завршените активности се дискутираше и за другите потреби на лицата со телесна попреченост. На настанот учествуваа 11 претставници од граѓанските организации, институциите и граѓаните на општините.

**МЕЃУОПШТИНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, ГРАДСКО И ЧАШКА – МОБИЛНОСТ, ВЕЛЕС**

# НАПРАВИ САМ ЗА СВОЕТО ДЕТЕ – ПРИРАЧНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОТПАДНИ МАТЕРИЈАЛИ




**15 февруари – 30 септември 2022г.**

**329.950 МКД**

Изработен и промовиран Прирачник за изработка на дидактички материјали од отпадни материјали

Искористување на отпадни маеријали (пластика, картони, хартии, шишиња, капачиња и слично) за изработка на дидактички материјали;

12 семејства преку работилници беа обучени за изработка на дидактички материјали;

Развој и поттикнување на визуелната и аудитивната перцепција кај децата со попреченост.

Здружението на лица со телесна инвалидност „Мобилност“ го промовираше прирачникот „Направи сам за своето дете“. Се работи за публикација во која се претставени практични вежби и активности за изработка на дидактички помагала од отпадни материјали кои може да се најдат во домашни услови.

Преку следење на насоките родителите можат да научат како со малку пари и отпадни материјали од домаќинствата (пластични шишиња, капачиња, ролни од тоалетна хартија, сламки, амбалажа од јајца и сл.) да се добијат практични дидактички играчки кои децата со попреченост може долготрајно да ги употребуваат. Дидактичките материјали се наменети за развој и поттикнување на визуелната и аудитивната перцепција, координација око – рака, развој на груба и фина моторика, пред вежби за читање и пишување, усвојување на број и бројна количина, совладување на просторни релации, форми, бои, класификација по надворешни карактеристики, вештини за самопомош и културно – хигиенски навики и други.

Автори на Прирачникот се Зага Колодезни, Марија Давчевска и Живка Панова Саздова

Оваа активност директно влијае да се реши проблемот со тешката достапност на дидактички материјали за работа со деца со попреченост. На овој начин самите родители ќе можат да изработуваат нагледни материјали со што ќе овозможат континуиран напредок на своето дете.

На прирачникот му претходат неколку работилници за изработка на дидактички материјали по претходно утврдена програма. Се реализраа работилници со 12 семејства во временски период од 6 месеци. Преку активностите родителите имаа можност да изработат нагледни материјали кои потоа ги користеа во своите домови.

Во неколку детски градинки и училишта од Велес, Чашка и Градско, воспитувачи, наставници, дефектолози и стручни соработници со помош на Прирачникот добија корисен и коструктивен материјал за работа со деца од различни возрасни групи.

**СОЈУЗ-НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**

01 декември 2021г. – 30 април 2022г.

**320.000 МКД**

Перерегистрација на неактивни организации и регистрација на неформални движења, вкупно 13 во НСРР

Зголемен број на волонтери во организациите членки на мрежата

Тренинг за стратешко менаџирање на граѓански организации со цел јакнење на индивидуалните и колективните капацитети на на ЖГО

Зголемена јавна свест за важноста на улогата на женските организации во општеството

# СИЛНИ ЖЕНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, СИЛНИ ОПШТИНИ, СИЛНО ОПШТЕСТВО



Акцијата „Силни женски организации, силни општини, силно општество“ опфати важно прашање – „замреноста“ на женското движење на локално ниво и реактивација на дел од женските граѓански организации (ЖГО), членки на мрежата Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Активностите ги адресираа потребите на ЖГО за меѓусебно вмрежување, истакнување на предизвиците со кои се соочуваат, особено за време на Ковид-19 кризата, потребата од обновување и унапредување на нивните знаења за стратешко планирање и раководење со здруженијата и важноста на нивната улога за организирано делување и учество на жените во процесите на донесување одлуки во локалните заедници.

Сојузот оствари соработка со тринаесет женски граѓански здруженија кои го обновија членството во мрежата на НСРР со потпишување на Пристапница кон мрежата. Претставнички од здруженијата беа дел од истражување за проценка на состојбата, нивото и работниот статус на нивните организации. Истражувањето овозможи мапирање на потребите и предизвиците со кои се соочуваат женските граѓански организации, со цел нивно повторно активирање и зајакнување на женското движење на локално ниво. Се одржа и дводневен тренинг на тема: Стратешко раководење со граѓански организации. Преку тренингот за стратешко раководење со граѓански организации претставничките на ЖГО ги зголемија капацитетите за стратешко планирање, ги одредија стратешките приоритети на своите организации и подготвија акциски планови за застапување. Овие активности дадоа позитивен придонес кон процесот на реактивација на замрените ЖГО опфатени со оваа акција. Организациите преку активностите овозможија зголемен број на волонтери во мрежата со тоа што на онлајн состаноците, како и тренингот за Стратешко менаџирање присуствуваа заедно со нов или постојан волонтер.

„Проектот покажува дека постои голем интерес и желба за граѓанско делување, како и високо ниво на активност на локално ниво, но потребна е редовна стимулација на ЖГО“, заклучуваат од Сојузот.

**ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ ОДС**

01 декември 2021г. – 30 април 2022г.

**292.500 МКД**

Спроведени две анализи со кои е направена проверка на постоечката статистика, законска регулатива за домување и проверка на публикации од ГО кои работеле на оваа тема

Анализата „Младите лица и домувањето“ е прва од ваков тип во Македонија

ОДС воспостави соработка со 19 граѓански организации

Овозможување на информации за домување на младите во Македонија

# МЛАДИТЕ И ПРАВОТО НА ДОМУВАЊЕ




Младите од Северна Македонија, одлуката за напуштање на семејниот дом и започнување на самостојно живеење ја носат во просек на 32 години. Според податоците од 2020 г., жените си заминуваат на околу 28 години, а мажите на околу 35 годишна возраст. Ова се дел од наодите од истражувањето „Младите лица и домувањето“ спроведено од Организација за домување и станари (ОДС) во рамки на проектот „Младите и правото на домување“. „Со анализата ја постигнавме целта на прикажување на состојбата со младите и домувањето. Заклучивме дека има многу проблеми за кои или воопшто не се зборува или се актуелни само во затворени кругови во кои функционираат ранливите млади“, велат од ОДС.

Анализата на актуелната состојба на младите лица и домувањето е прва од ваков тип во земјава. За потребите на истражувањето беа прегледани повеќе од 30 документи и истражувања на ниво на Македонија. Вкупниот број на интервјуа кои служеа како извор на информации е осум. Беше спроведен и анкетен прашалник, дистрибуиран во повеќе од 20 младински организации, кој го одговорија над 150 млади. Во рамки на проектот беше спроведена уште една анализа за состојбата на младите поврзана со бездомништвото. За ова истражување беа прегледани повеќе од 10 закони и документи и контактирани повеќе од 11 младински организации кои работат со ранливи млади кои се на раб на егзистенција или се соочуваат со бездомништво. ОДС во текот на проектот воспостави соработка со 19 ГО.

„Пред сè треба да се работи на развивање локални информативни служби за домување и локални шеми за да им се помогне на младите да добијат пристап за домување, бидејќи неопходно е да се подигне знаењето кај младите за домувањето, правата и можностите поврзани со него“, велат од ОДС.

**ПРИМА ЦЕНТАР**

# ПРОТИВПОЖАРНО ЗАШТИТЕНА ЗГРАДА

**01 април – 12 јуни 2022г.**

**330.000 МКД**

Зголемена свеста за важност од ППЗ кај вкупно 120 куќни совети и фирми кои управуваат со станбени единици во Карпош

Едукација на тема ППЗ во гимназиите „Орце Николов", „Никола Карев" и „Ѓорѓи Димитров"

Формирани 3 ПП секции во гимназиите во кои членуваат повеќе од 150 ученици

Анкета на тема: Нивото на ППЗ спроведена на 400 ученици



Може ли кај граѓаните да се предизвика промена во свеста за важноста на противпожарната заштита? Секако дека може. Ова го потврдува акцијата „Противпожарно заштитена зграда (ППЗ) – безбедна општина" спроведена од здружението Прима центар – Скопје. Акцијата ги мобилизира надлежните институции, граѓаните и средношколците на општина Карпош.

Инспекторатот за станбено домување при општина Карпош одржа состаноци со вкупно 120 куќни совети и фирми кои управуваат со станбените единици. Направена е евиденција на состојбата на станбените објекти и започнато е преземање на основните мерки за функционалност на ППЗ. За неколку претседатели на куќни совети е обезбедена и дополнителна едукација за противпожарна заштита, по која презема конкретни мерки за средување на работите во нивната зграда и информирање на станарите, велат од Прима центар.

Голем дел од акцијата беше посветен на средношколците. Во гимназиите „Орце Николов", „Никола Карев" и „Ѓорѓи Димитров" наставниот кадар беше дел од предавања одржани од стручни лица за ППЗ заштита, знаење кое го пренесоа на своите ученици. Формирани се ПП секции во средните училишта во кои членуваат повеќе од 150 ученици. Спроведени беа и неколку анкети за противпожарна заштита во кои учествуваа вкупно 400 ученици. Анкетите потврдуваат дека состојбата во станбените згради е на најниско ниво.

„Најмногу не радува дека пожарникарите со задоволство своето знаење го пренесоа на професорите, потоа тоа продолжува кај учениците кои своите искуства ги пренесуваат на родителите и соседите, за на крај да се постигне вистинската цел да се направи противпожарно заштитена зграда и подготвени граѓани спремно да реагираат при пожар", додаваат од здружението.

Важноста од ППЗ се промовираше преку веб страната на општина Карпош, Канал 5 телевизија, радио Бубамара и социјалните медиуми. Пораката пристигна до повеќе од 40.000 граѓани.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ РУБИКОН - СКОПЈЕ**

**01 декември 2021г. – 31 март 2022г.**

**322.997 МКД**

4 работилници за зајакнување на компетенциите за 38 вработени во ВПД

4 обуки за меки и животно-практични вештини за 20 деца од ВПД

Психосоцијална поддршка на родителите и едукација за поддршка на децата

Подобрени вештини на вработените во ВПД за однесување со штитениците

# ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО КОНФЛИКТ СО ЗАКОНОТ



Вработените службени лица од Воспитно поправниот дом (ВПД) Тетово имаат зајакната свесност за важноста на воспоставување на унифициран пристап во секојдневната работа со деца и подобрени вештини. За првпат се дава поддршка на штитеници во обуки и проектни активности надвор од установата, што се покажа како добра практика која ќе продолжи во иднина. Родителите и другите биолошки сродници се поттикнати на воспоставување на редовна комуникација со децата и давање поддршка во пеналниот период. Ова се дел од постигнатите резултати од проектот „Поддршка на деца во конфликт со законот" спроведен од Здружението на граѓани – Рубикон.

Беа одржани 4 обуки за меки и животно-практични вештини на кои учествуваа 20 деца и 4 работилници за зајакнување на компетенциите за 38 вработени во ВПД. Преку воспоставена соработка со други организации, пет штитеници учествуваа во проект со УНИЦЕФ и МОФ во циклус обуки во Крушево, Скопје и Тетово за детски права и нивна промоција пред институции. Ова е прв пат штитеници од ВПД да земат активно учество на обуки надвор од установата.

Но, покрај со вработените и децата во установата, Рубикон работеа и со семејствата на штитениците. За прв пат е овозможена психосоцијална поддршка на родителите надвор од установата чиј предизвик најчесто е незнаењето како да се однесуваат со своите деца и каков вид на поддршка им е потребна. На средбите, родителите беа информирани за можностите за остварување на правата од социјална заштита, а особено беа советувани за потребната поддршка на нивните деца од блиските биолошки сродници. Обезбедениот превоз на родителите до ВПД, беше од голема важност за штитениците и нивните роднини кои поради слабата економска состојба и оддалеченоста подолг период не оствариле посета на децата.

## ЦККЕР „СВЕТЛА ИДНИНА“ КОЧАНИ

**17 мај – 17 октомври 2021г.**



**313.535 МКД**



две едукативни работилници со 35 учесници за подигнување на свеста за заштита и унапредување на животната средина во ромската заедница во Кочани;



Една дводневна обука за 20 учесници на тема: „Заедничка брза проценка и анализа на групи на интерес“;



Една еколошка акција за чистење на депонијата во месноста „колерски гробишта“ во Кочани;



Изработка на краткорочен акциски план за животна средина на ромската заедница во Кочани и дистрибуција до Општина Кочани;

# „ЗДРАВАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА Е НАША ОДГОВОРНОСТ – ДА ПОКАЖЕМЕ НА ДЕЛО“



Една еколошка акција беше доволна месноста „колерски гробишта“ во Кочани од дива депонија да се трансформира до место за рекреација благодарение на проектот „Здравата животна средина е наша одговорност – да покажеме на дело“. „Преку оваа акција ја зајакнавме свесноста и одговорноста кон здрава и чиста животна средина кај припадниците на ромската заедница“, велат од здружението Светла иднина. Со акцијата во која учествуваа граѓаните на заедницата, претставници од Општината и комуналното претпријатие се исчисти ѓубрето од депонијата и се изврши пошумување на површината. На еколошката активност и предводеа две едукативни работилници за правата и одговорностите во процесот на заштита и унапредување на животната средина на која учествуваа 35 лица кои живеат во близина на мапираната депонија. Се одржа и една дводневна обука за 20 граѓани, членови на локални граѓански организации и активисти за заедничко делување на тема: „Заедничка брза проценка и анализа на групи на интерес“.

Со цел да се интервенира во годишниот план со кои ке се обезбедат финансии и други ресурси за здрава и чиста животна средина во Општината беше изработен локален еколошки и акционен план на ромската заедница во Кочани 2022 – 2024. Две фокус групи по 10 лица работеа на документот за јавна политика кој беше доставен до Општината.

„Сметаме дека една акција од 4-5 месеци не е доволна во целост да се влијае на свеста на граѓаните кои се „навикнати“ да живеат во нарушена животна средина. Со години здравата животна средина во ромската заедница е на многу ниско ниво. Но, сепак сме задоволни од тоа што го постигнавме бидејќи воспоставивме пракса за одржување на животната средина во соработка со институциите и заедницата со поддршка на граѓанскиот сектор.“, дополнуваат од здружението.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ЛОЗОВО**

10 мај – 10 ноември 2021г.

**329.996 МКД**

Анкета со 90 текстилни работници за степенот на информираност за своите права

+60 учесници на јавна дебата „Колку знаеме за работничките права“

Еднодневната работилница со 30 учесници на тема: „Текстилниот работник на пазарот на трудот“

Зголемена свесност и информираност на текстилните работници за своите права

# ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА НА ТЕКСТИЛЦИТЕ



„Ги охрабривме текстилните работници јавно да зборуваат за проблемите, неправилностите и кршењето на работничките права во текстилната индустрија. Им помогнавме да се едуцираат за истите и да се борат за почитување и остварување на нивните права“, ова се постигнувањата од проектот „Социјално-економските права на текстилците“ на Организацијата на жени Лозово.

Во рамки на проектот беше спроведена анкета за степенот на информираност за работничките права, можностите што ги нуди законската легислатива поврзани со остварување на правата загарантирани со Устав, Законот за работни односи, колективните договори и другите прописи. Прашалникот го одговорија 90 работници од Лозово, Свети Николе и Велес. Резултатите ги потврдија проблемите на работниците, дискриминацијата, кршењето на работничките права и инспекцискиот увид. Токму за овие предизвици се зборуваше на еднодневната работилница „Текстилниот работник на пазарот на трудот“. На неа учествува 30 текстилни работници, а преку вежби им беа претставени правата, предизвиците со кои се соочуваат и начините како да се справат со нив. Активностите вклучуваа и јавна дебата на тема: „Колку знаеме за работничките права“. На дебатата повеќе од 60 луѓе зборуваа за колективните договори кои ги имаат текстилните работници, покренување санкции против работодавачите кои ги кршат нивните права, вклучување на локалната власт за изнаоѓање решенија и подобрување на социо-економската состојба на работниците во рамки на општините.

„Многу сме горди што придонесовме кон зајакнување на степенот на свесност на текстилните работници за остварување на своите права во согласност со Законот и Колективните договори“, велат од ОЖ Лозово.

Предлози и препораки за измена и дополнување на Општиот колективен договор за текстилната индустрија и преставки до Државниот трудов инспекторат беа поднесени како резултат на спроведените активности и соработката со локалните власти и граѓанскиот сектор.

**НВО „ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО“ КРУШЕВО**

01 март – 30 септември 2022г.

**258.400 МКД**

Едуцирани 32 членки на Платформата за развој на туризмот во Крушево за креирање на еко услуги во интерес на долгорочната заштита на животната средина

2 волонтерски акции за чистење на дел од улицата Тоше Проески и игралиштето во близина на Спомен куќата на Тоше Проески со што се промовира и практикува на волонтерството како одговорно однесување и како личен пример на локални поединци и институции со вкупно учество на 30 лица

Креирани 4 еко туристички услуги преку кои ќе се влијае на долгорочна заштита на животната средина како единствен туристички адут за привлекување на поголем број на туристи свесни за значењето на овие еко – услуги

# ЈАКНЕЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР И ЛОКАЛНИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




Скршени телевизори, расипани фрижидери, стар мебел, ѓубре на сите страни е слика која пред акциите „Мој отпад – моја одговорност“ ќе ве пречекаше на неколку атрактивни локации во Крушево. Улицата „Тоше Проески“ која е централна пешачка патека во градот, дворот на горната училишна зграда која е претворена во Младински културен центар и детскиот забавен парк во близина на Спомен куќата на Тоше Проески се локациите кои се чисти благодарение на волонтерските акции на Здружението за туризам и угостителство. Во неколку дневната акција учествуваа вкупно 32 волонтери на Црвениот Крст – Крушево, членки на трите здруженија на граѓани дел од платформата Фил Крушево и средношколци од трета година од гимназијата „Наум Наумоски – Борче“. Логистичката поддршка ја обезбеди ЈКП Комуна-Крушево, а во акцијата учествуваа и градоначалникот на општината, Томе Христоски и претседавачот на Советот на општината, Андреј Николоски. „Блиската соработка со поединци и институции кои се обединуваат за подобра слика на градот, резултираше со почиста средина и поатрактивна туристичка понуда“, велат од здружението.

Мотивираноста на туристичкиот сектор да даде подобри еко – органски услуги и да ги следи европските трендови вроди и со уште еден продукт – зелен беџ. Истиот ревијално беше доделен на тројца долгогодишни туристички работници во Крушево, признание кое ќе се доделува еднаш годишно од страна на општината. Поднесена е и иницијатива за именување комунален инспектор во Крушево.

Најзначајна промена се поднесените иницијативи врз основа на кои ќе се носат одлуки за одредување на место за депонирање на кабаст отпад, за воспоставување на награда – зелен беџ за угостителско – туристичкиот сектор и за именување на комунален инспектор. „Овие иницијативи покажаа дека здружени граѓаните се посилни, односно партнери на општината во градењето политики“, велат од Здружението за туризам и угостителство.

CIVICA
MOBILITAS